



# АНДРЕЈ МАНЕВ

## млад стрип цртач од Охрид

Андреј Манев е млад стрип цртач од Охрид, кој веќе неколку години работи на полето на деветата уметност. Иако примарно се занимава со графички дизајн и илустрација, негова најголема пасија е стрипот. Две последователни години учествува на „Балканската смотра на млади стрип автори“ во Лесковац - Србија. На истиот фестивал како дел од изложбата „Македонскиот стрип денес“, минатата година учествува со свои дела. Исто така зема учество и на Стрип фестивалот во Велес.

На сите фестивали досега учествува во соработка со сценаристот Јордан Коцевски, и тоа со стриповите: “The Slayer”, „Волкот Лош“, „Кај водопадот“ и “Dragon Slayer Wanted”. За последниот стрип ја добиваат првата награда на издавачката куќа “GrozenEnt” од Бугарија.

Негова илустрација заедно со илустрациите на повеќе македонски стрип автори се појавува во стрип албумот “Modus Vivendi” на Дарко Богданов. Негов прв самостоен стрип е „Молитва за Кутулу“, а во иднина се планираат повеќе стрипови со слична тематика. Последно негово дело е „Крв и Челик: Заседа“ кое го работи заедно со Славчо Новески, а во моментов се подготвува негово продолжение.


ГО ЗАТВОРИЈА ВО АРКАМ САНАТОРИУМОТ, СЛУШАМ ДЕКА ПРОПОВЕДАЛ ЗА МРТВИОТ БОГ, ХЕХ... ГО НАРЕКОЛ КУТУЛУ!
КУТУЛУ... СЕКОЈА ВЕЧЕР РЕЦИТИРАЛ НЕКОЈА МОЛИТВА НА НЕПОЗНАТ ЈАЗИК.
КОЈ ГО ЕБИТ, НЕКА ЦРКНИ ВО ТАЈА ЛУДНИЦА, ГОСПОД ЗНАЈТ ДЕКА И ПОЛОШО ЗАСЛУЖУВАШЕ!
ДА...
СЕ ПРАШУВАМ, ШТО ПРАВИ ВО МОМЕНТОВ?
ДАЛИ ГО ЧЕКА ВОСКРЕСНУВАЊЕТО НА МРТВИОТ БОГ?
КАКОВ МРТОВ БОГ, КАКОВ КУТУЛУ, УБИВАШЕ БИДЕЈЌИ БЕШЕ ЛУД! КРАЈ НА ПРИКАЗНАТА!


ДА... КРАЈ НА ПРИКАЗНАТА...
PH'NGLUI MGLW'NAFH CTHULHU R'LYEH WGAH'NAGL FHTAGN...
КРАЈ


МИРОТ ВО МИРОВО БЕШЕ НАРУШЕН ОД СВЕТЛИОТ ПЛАМЕН НА ЗМЕЈОТ КОЈ БЕСНЕЕШЕ. ИАКО ЛУГЕТО НИКОГАШ НЕ УПОТРЕБИЛЕ НАСИЛСТВО, ОВА БЕА ОЧАЈНИ ВРЕМИЊА, А ВО ВАКВИ ВРЕМИЊА НЕОПХОДНИ СЕ ОЧАЈНИ МЕРКИ...
НИМ ИМ ТРЕБАШЕ УБИЕЦ НА ЗМЕЈОВИ!
СЕ БАРА УБИЕЦ НА ЗМЕЈОВИ
СЦЕНАРИО: ЈОРДАН КОЦЕВСКИ
АРТ: АНДРЕЈ МАНЕВ
И ТАКА БЕСТРАШНИОТ УБИЕЦ НА ЗМЕЈОВИ ВЛЕЗЕ ВО ДУВЛОТО НА ЗМЕЈОТ.
БЕСТРАШНО, БЕЗ ДА ТРЕПНЕ, СЕ СООЧИ ВО СМРТОНОСНА БИТКА СО ЗМЕЈОТ. НО ТОГАШ...
?!
ДЕЧКИ, ДОСТА СЕ ГЛУПИРАТЕ И МИЈТЕ ГИ ЗАБИТЕ!!!
КРАЈ


...ШТО НЕ ГИ ЗАБЕЛЕЖАВМЕ НИВ.
КОИ СЕ ОВИЕ ПРОКЛЕТИ ВАРВАРИ, ВО ЧУДНИ ОКЛОПИ? ШТО ЧЕКААТ?!
ЈАС СУМ ЗИГФРИД ОД КОНИГСБЕРГ ЧЕСЕН ПОДАНИК НА ГОСПОДАРОТ ДАЈГОРО НАКАДАИ, ОТКРИЕНА ВИ Е ЗАСЕДАТА, ПРЕДАДЕТЕ СЕ!
НАЈВЕРОЈАТНО НИ ПРЕДЛАГААТ ДА СЕ ПРЕДАДЕМЕ! НИЕ СМЕ ЛОЈАЛНИ ДО СМРТ! УМРИ ВАРВАРИНУ!
ХЕХЕ... ИЗГЛЕДА ЌЕ БИДЕ ЗАБАВНО, ПУШКАЦИИ И СТРЕЛЦИ... СПРЕМНИ!!!